Република Македонија
Министерство за одбрана

[redacted]

Број 03-1501/1
Датум 02-03-2018

Министерство за труд и социјална политика
Ул: „Даме Груев" бр. 14
1000 Скопје
Република Македонија


Министерство за одбрана
на Република Македонија

ул. Орце Николов, бр. 116
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 328 20-42
Факс. (02) 328 25-40
сајт: www.morm.gov.mk


Предмет: Родово буџетска изјава, доставува

Согласно Стратегијата за родово одговорно буџетирање и Методологијата за родово одговорно буџетирање во органите на државната управа, Министерството за одбрана на Република Македонија од 2018 година пристапува кон имплементација на истите.

За таа цел направен е избор на Програма која ќе биде родово буџетирана во периодот 2018-2020 година и за истата е подготвена Родово буџетската изјава.

Програма „Воена академија" е насочена кон анализа на буџетските средства во рамки на буџетот на Министерството за одбрана преку интеграција на принципот на родова правичност.

Со почит,

Прилог: Родово буџетска изјава

Изработила: Елена Иванова
Контролирала: Билјана Стевкова
Одобрил: Васил Зимбаков
Согласен: Драган Николиќ

с.р. заменичка на претседателот на Владата и
министерка за одбрана
Радмила Шекеринска - Јанковска

Доставено до:
1. Кабинет на министерка (копија бр.1);
2. Државен секретар (копија бр.2);
3. Министерство за финансии (копија бр.3);
4. Архива (примерок бр.1)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 03-1501/2
02-03-2018 20___ год.
СКОПЈЕ

# РОДОВО-БУЏЕТСКА ИЗЈАВА

## 1. Податоци за избраната Програма

Име на Програмата:
Воена академија

Сектор (Организациска единица), надлежен за спроведување на Програмата:
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје

Вид на програмата:
☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

Како Програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:

Со цел имплементација на член 5 од Законот за еднакви можности, Стратегијата за воведување на родово-одговорно буџетирање во Владата на Република Македонија (2012-2017), како и обврските кои се содржани во Методологијата за родово-одговорно буџетирање, а во согласност со проекциите за примена на истите селектирани институции по фази, во фаза II – проектирано е од 2017 година Министерството за одбрана на Република Македонија да се вклучи во процесот на спроведување на родовото одговорно буџетирање.
Министерството за одбрана со избор на Програмата Воена академија, активно ќе се вклучи во процесот на имплементација на родово-одговорното буџетирање.
Имајќи предвид дека Стратегијата за родова еднаквост има цел унапредување на еднаквите можности за жените и за мажите, односно на родовата перспектива, Министерството за одбрана ќе обезбеди спроведување на родовата перспектива во процесот на школување на питомки/ци, вклучително со фазата на поттикнување интерес за запишување на Воената академија до фазата на вработување.

Краток осврт на Програмата:

Воената академија е високообразовна и научно-истражувачка установа за образование на кадри за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, управувањето со кризи и заштитата и спасувањето. На Академијата се остваруваат студии од прв, втор и трет циклус на студии и

стручни студии.

Предметната Програма се реализира во неколку фази, и тоа: промоција на војничката професија, конкурс за запишување на питомки/ци, пријави по конкурс, селекција, прием на питомки/ци, спроведување на студиите (со сместување во интернат) и промовирање во офицерски чин т.е. вработување во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија .
Во сите наведени фази Програмата се спроведува со користење на финансиски средства од буџетот на Министерството за одбрана.

Програмата има цел: Школување на кадри за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија - универзитетски студии од прв циклус - додипломски студии (буџетската Програма 6 - Воена академија).
Со имплементација на родово-одговорното буџетирање на посочената Програма, ќе се пристапи кон вклучување на родовата компонента во процесот на планирање и буџетирање, земајќи ги предвид различните импликации врз жените и мажите, во насока на детектирање и воочување на разликите и преземање мерки за надминување на нееднаквостите и причините; овозможување правилно родова распределба на буџетските средства од аспект за родовата рамноправност.

**2. Анализа на состојбата** (објаснете кои се родово-релевантните прашања од во секторот/областа опфатена со Програмата и кои фактори придонесуваат кон родовата нееднаквост)

Образовниот процес кој се спроведува преку прв, втор и трет циклус на студии на Воената академија ги опфаќа како мажите така и жените преку еднаква можност за конкурирање и остварување на студентските права на оваа установа. Во последните три учебни години по објавени конкурси за прием на питомки/ци се пријавиле кандидатки/кандидати и тоа:

| Година | Пријавени кандидатки/кандидати | | | | | Примени питомки/ци | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | % | Жени | % | Вк. | Мажи | % | Жени | % | Вк. |
| 2015 | 90 | 76,92 | 27 | 23,07 | 117 | 29 | 67,44 | 14 | 32,56 | 43 |
| 2016 | 153 | 81,38 | 35 | 18,61 | 188 | 14 | 73,68 | 5 | 26,32 | 19 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 91 | 63,64 | 52 | 36,36 | 143 | 13 | 5652 | 10 | 43,48 | 23 |

При постапката на селекција на пријавените кандидатки/ти критериумите се еднакви, освен одредени разлики во физичките проверки во однос на жените и мажите.

Во конкурсот за запишување на студенти/питомци за потребите на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Македонија на прв циклус студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, се потенцира дека при изборот на кандидатките/те за школување на Академијата се води сметка за соодветна и правична застапеност на припадниците на етничките заедници и за развој на родовата перспектива, со почитување на принципите на стручност и компетентност.

Со цел поттикнување поголем интерес за студирање на Воената академија, Министерството за одбрана во текот на 2017 година спроведе популаризација на воената служба за привлекување на персонал за пополнување на АРМ во чиишто рамки беше опфатена и популаризација на војничката професија, како и охрабрување за школување на Воената академија. Проектот се реализираше преку средби, информирање и запознавање на ученичките и учениците во 93 средни училишта во Република Македонија, во насока на споделување информации за војничката професија, зголемување на интересот за доброволно служење воен рок и учество во меѓународни и во хуманитарни мисии. Во рамките на проектот беа опфатени 8.054 ученици, а интересот кај машката популација бил поголем (80%), за разлика од женската популација (20%).

Во однос на интегрирањето на родовата перспектива во составот на наставните содржини на Воената академија, истите се вклучени преку релевантни теми во состав на предметите Воена психологија, Воена социологија и Воена андрагогија.

Имајќи предвид дека питомците до завршување на студиите се сместени во сместувачки капацитети на Министерството за одбрана, постоечката состојба на питомците не е на задоволително ниво т.е. потребно е подобрување на условите во сместувачките капацитети.
За време на студиите питомците носат иста униформа со пропишани ознаки, при што изгледот, материјалот и ознаките на униформата ги пропишува министерот/министерката за одбрана.

По првите две години од циклусот на школување, питомките/ците се насочуваат кон одредени воени родови, со што во последните две години од студиите питомките/ците се школуваат во согласност со избраниот воен род.

Во изминативе три години питомките/ците кои го завршиле првиот циклус на студии и биле промовирани во офицерски чин припаѓаат на следните воени родови:

| | 2015 | | | | | 2016 | | | | | 2017 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Род | Мажи | % | Жени | % | Вкупно | Мажи | % | Жени | % | Вку-пно | Мажи | % | Жени | % | Вкупно |
| Пешадија | 18 | 94,74 | 1 | 5,26 | 19 | 22 | 84,62 | 4 | 15,38 | 26 | 14 | 100 | 0 | 0 | 14 |
| Врски | 3 | 33,33 | 6 | 66,67 | 9 | | | | | 0 | 3 | 33,33 | 6 | 66,67 | 9 |
| Артилерија | 5 | 71,43 | 2 | 28,57 | 7 | | | | | 0 | | | | | 0 |
| Инженери-ја | | | | | | 7 | 77,78 | 2 | 22,22 | 9 | | | | | 0 |
| Оклопни механизира-ни единици | | | | | | | | | | 0 | 4 | | 0 | | 4 |

Во изминатиот период кадарот од Центарот за обука на питомци и наставниот кадар во Воената академија биле вклучени во процесот на обуки за родовата перспектива преку обуки организирани од страна на Министерството за одбрана и сертифицирани обучувачи од оваа област. Меѓутоа, во процесот на родово сензитивирање не е вклучен целокупниот кадар на Воената академија и на Центарот за обука на питомци, а оние кои се здобиле со ваква обука имаат потреба од освежување на знаењата и запознавање со новите трендови, концепти и документи од оваа област.

**3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Од спроведената анализа, застапеноста на родовата перспектива е евидентна, а во последните години се бележи и пораст на процентот на пријавени и запишани питомки на прв циклус на студии на Воената академија. Постигнатиот процент е на задоволително ниво во светски рамки. Тенденцијата е продолжување на ваквиот тренд, односно, задржување на процентот и негово зголемување до

постигнување на оптимален баланс, притоа не занемарувајќи го квалитетот на пријавените и дипломирани кандидатки.

Со цел задржување на веќе постигнатата родова еднаквост на запишани питомки/ци, во наредниот период би се презеле низа активности за промоција и доближување на воената професија до што поголем број средношколки/ци преку учество на млади жени и мажи офицери во ТВ емисии, написи во списанието „ШТИТ", промоции на успешни кариери, учество на Меѓународниот саем за образование и кариера итн.

Можностите за развој во понатамошната кариера, но и понатамошното стручно усовршување и оспособување е една од најстимулативните интервенции кои би ја намалиле родовата нееднаквост. Исто така, обезбедувањето на добра инфраструктура, односно обезбедување на услови во сместувачките капацитети, ќе биде мотив за надминување на родовата нееднаквост и исполнување на Програмата.

Разбирање на важноста од спроведувањето на обуки т.е. неопходност од родово сензитивирање на наставниот кадар и на кадарот од Центарот за обука на питомци.

**4.** Очекувани резултати од Програмата (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на Програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Со преземање на одредени интервенции во периодот на следење на Програмата (2018-2020), се очекува да се постигне:

- пораст на бројот на пријавени кандидатки/кандидати по објавени конкурси за прв циклус на студии за 20%;
- застапеност на родови содржини во наставниот процес во следните предмети: Воена психологија, Воена социологија и Воена андрагогија;
- создавање на соодветни услови за престој и школување на питомките/ците во согласност со прифатени стандарди преку подобрување на сместувачките капацитети и запазување на стандардите за питомките/ците при сместување во интернат и изведување на обуки и вежби;
- водење статистика, односно воспоставување на база со родово-разделени податоци во однос на пријавени кандидатки/и, примени питомки/ци и водење на досиеја според успехот, како и при промовирање во чинови.

**5. Аутпут-индикатори**

- пораст на процентот на пријавени кандидатки за 20%;
- задржување на достигнатитот процент на запишани питомки/ци;
- подобрени сместувачки капацитети;
- родово-сензитивен наставен кадар на Воената академија и на кадарот во Центарот за обука на питомки/ци преку спроведување родови обуки и семинари за наставниот кадар и персоналот во Центарот за обука на питомки/ци;
- еднаква дистрибуција на питомците на сите воени родови во согласност со потребите на АРМ (без фаворизирање на одредени родови);
- поголема застапеност и промоција на ТВ и радиоемисии, информативни гласила и кампањи;
- вклучување на родовата перспектива при избор на наставен кадар во Воената академија и во Центарот за обука на питомки/ци, како и поголема родова застапеност во работни тела и комисии при Воената академија.

**6. Буџет на програмата/извор на средствата**

Во буџетот на Министерството за одбрана за 2018 година на програма 6 Воена академија, на сметка 050010001163717 – Расходи на основен буџет која ќе се следи преку родовото одговорно буџетирање се одобрени средства во износ од 12.000.000 денари.

с.р. МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска - Јанковска